29982

12959

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Недела 20 февруари 1983 год. ● стр. 10

РАЗМИСЛИ; РЕПУБЛИЧКИОТ КАНДИДАТ ЗА БОРБИНАТА НАГРАДА

# НЕКОИ ДРУГИ ОБЈЕКТИ...

**● Дали хотелот „Цар Самоил" во Банско е најдоброто архитектонско остварување во СРМ минатата година? — Карактеристиките на Олимпискиот базен, деловната зграда на „Македонија — табак" и ОУ „Јосип Броз Тито"**

Игодинашниов февруари беше обележан со две значајни архитектонски манифестации:

— Изборот на републичкиот кандидат за изведбен архитектонски објект на југословенскиот натпревар за Борбината плакета и

— II-то Биенале на современата македонска архитектура — објект, проект, скици, макети и др.

Двете манифестации, покрај презентативност имаат и натпреварувачки, односно изборен карактер, што природно предизвика дополнителни размислувања и дилеми.

Победнички објект — кандидат за Борбината награда за оваа година, стана хотелот „Цар Самоил" во Банско. (Автор арх. В. Димитриева). Без никаква намера да бидат оспорени неговите архитектонски квалитети и критериумите на жирито, сметаме дека е нужно да се направи уште еден јавен осврт кон другите кандидати за ова високо признание: Олимпискиот покриен базен и деловната зграда на „Македонијатабак" во Скопје и осумгодишниот училишен Центар „Јосип Броз—Тито" во Титов Велес.

Без сомнение, првиот пропуст на оценувачите е тематскиот и жанровски превид кон Базенот кој во една југословенска конкуренција би претставувал барем освежување наспроти веќе повторените хотелски објекти, со кои СР Македонија конкурираше два пати до сега. („Метропол" — Охрид, „Изгрев" — Струга).

Надмоќниот квалитет и предност на Базенот е во архитектонската едноставност на основната форма и материјалот. Но може да се каже дека овој проект е еден од најуспешните архитектонски објекти реализирани последниве години во СР Македонија. Неговата очигледна снага и архитектонски шарм е во едноставниот волумен на ентериерот што успеал да се проицира во кохерентен архитектонски екстериер. Спојот на чистите и видливи инженерски елементи (просторни решеткасти носачи) чинат едноставна синтеза на архитектонско-градежна композиција, облагородена со перфектен детал

Со елиминацијата на ова високо професионално архитектонско дело, веруваме дека е пропуштена вистинската шанса за уште една афирмација на Современото македонско градежништво на југословенско ниво.

Ова кажување, се разбира не ја смалува неговата реална вредност, иако останува неодолеан впечатокот на направена неправда или грешка, да се надеваме. Објективниот хендикеп, што се уште објектот не е даден во употреба, за некои може би било одлучувачки факт при оценувањето. Но, зарем тоа може да биде критериум при оценување на архитектонски објект? Се разбира не.

Оваа зграда и на Биеналето мораше да се задоволи „со специјалната награда", а победник е Спомен Домот на културата во Разловци, минатогодишен републички кандидат за Борбината плакета, дело на арх. Г. Константинов.

Деловната зграда на „Македонијатабак", еден од кандидатите во конкуренцијата за Борбинотo признание, помина само со позитивна рецензија, но не и како победник. Овој објект е граден со променлив архитектонски вкус. Убавиот и скапоцен материјал го одвојува од другите кандидати. Во архитектонскиот детал поставил успешни елементи, но се сретнуваат и некои недоследности, (во приземјето двете бочно прилепени сали). Вкупниот впечаток е мошне пријатен, но и „скапоцен". Автор арх. С. Вренцоски.

И третиот мошне успешен проект. Осумгодишниот училишен Центар „Ј. Б. Тито" во Титов Велес, изработен е со најсовремена концепција и во материјалот и во архитектурата. Објектот на ова училиште успеал да ги искористи сите можности и барања на специфичната градска локација, (пример на извонредно вклопување во традиционалната Т. Велешка панорама).

Граден е од современи материјали со убаво ускладени бои и детали. Во овој објект неправедно е да се помине преку неговиот ентериер, без да се нагласи дека е тој перфектно решен и како простор и како детаљ. Автори арх. Ј. Мицајкова и Е. Анастасова.

Томо Писевски